РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 24-12-2024
Организациона единица: 11 | Број: 134 | Прилог: 1 | Вредност

До: Општина Охрид
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Почитувани,

Ве молиме за информации за напредокот на процесот во Вашата општина за воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад во Југозападниот и Пелагонискиот регион. Подетално, да ни дадете информации за изработена документација и активности за следното:

1. Степен на селекција на отпадот во вашата општина по фракции (органски отпад, пластика, хартија, стакло) Комунални
2. Планирани и идни инвестиции за да се подобрат условите за селекција на отпад во општината Комунални
3. Изработена документација за претоварни станици (само за општините: Охрид, Дебар, Кичево, Прилеп и Битола) ОУП
4. Вклученост во постапката за формирање регионалното јавно претпријатие и
5. План за затворање, ремедијација и грижа по затворањето на нестандардните општински депонии Комунални

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис - ДА
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил - ДА
- д) друго ____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted] [redacted]

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во [redacted], 20.11.2024 година** ________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урабнистичко планирање
и заштита на животната средина

Бр.11-134/2
24.12.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-134/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

30.12.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 30 -12- 2024 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-134/3 | | | |

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Сл-31
30.12.2024 год.
Битола

До
Евгенија Чукалева
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-134/1 од 30.12.2024 година

Во врска со Барање бр.11-134/1 од 30.12.2024 година, а се однесува на информации од јавен карактер поврзани со воспоставување на заеднички интегрален систем за управување со отпад во Југозападниот и Пелагинискиот регион , Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе ги одговори само оние прашања за кои има надлежност во работата.

Во врска со прашањето број 3 Ве информираме дека за Општина Битола не е предвидено изградба за претоварна станица, согласно тоа нема потреба од изработка на документација за истата.

Што се однесува на прашањето број 4 Општина Битола е целосно посветена во формирањето на регионалното јавно претпријатие, додека вклученоста во постапката е во целосна надлежност на Градоначалникот.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 27.12.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн |
| 11-1134/4 | | | |

ДО

ОПШТИНА БИТОЛА

За Евгенија Чукалева

Службено лице за спроведување на законот за слободен пристап на информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ:

ОДГОВОР НА ВАШЕТО БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,

Во врска со вашето барање за информации за напредокот на процесот за управување со отпад во Општина Битола, ви ја доставуваме следната информација:

1. Информација за селекција на отпад во Општина Битола (годишен извештај за постапување со отпад од правни и физички лица за 2023 година) по фракции:
   Отпад примен од други лица

- измешан комунален отпад од домаќинства 27.370 тони
- пакување од пластика од домаќинства 22,34 тони
- пакување од хартија и картон од правни лица 214,13 тони
- текстил од правни лица 44,53 тони
- отпад од преработени текстилни влакна од текстилна индустрија 8,927 тони
- габаритен отпад од домаќинства 1210 $м^3$
- отфрлена електрична и електронска опрема од домаќинства 3,15 тони
- мешани материјали од градење и рушење од домаќинства 512 $м^3$
- материјали несоодветни за консумирање или преработка од правни лица 98,248 тони
- земја и камења 7740 $м^3$

- друг отпад од правни лица 1.900 тони
- ЈП Комуналец не врши селектирање на органски отпад
- ЈП Комуналец не врши селекција на отпад од стакло, тоа го работи друго правно лице

  Отпад предаден на други лица:
- пакување од хартија и картон 214,13 тони
- пакување од пластика 22,34 тони
- отфрлена електрична и електронска опрема 3,15 тони

2. Планирани и идни инвестиции во 2025 година за да се подобрат условите за селекција на отпад во Општина Битола:
- ЈП Комуналец Битола активно ќе се вклучува во изработка на планска и проектна документација која се однесува на управување со отпадот како и разгледување на можности за привлекување на средства од меѓународни фондови
- ЈП Комуналец Битола доколку постојат реални услови за проширување на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во 2025 год. предвидува дооформување на уште еден реон за собирање на комуналниот отпад кој делумно е започнат и во него се опфатени 5 села
- ЈП Комуналец предвидува проширување на процесот на селектирање на отпадот и тоа во делот на селекција на отпадна пластика и хартија со обезбедување на 200 пластични канти со капацитет од 120 литри (жолта боја) наменети за собирање на отпадна PET пластика од индивидуалните домаќинства
- Проширување на процесот на селективно собирање на отпадна пластика се предвидува и во колективните домаќинства со дополнително распоредување на 10 контејнери пластични во жолта боја со капацитет од 1,1 м$^3$
- За селективно собирање на отпадна хартија предвидени се дополнително 10 контејнери пластични во сина боја со капацитет од 1,1м$^3$

  Во 2025 година се предвидени да се набават садови за управување со отпад и тоа:
- 100 контенјери со капацитет од 1,1 м$^3$ пластични во зелена боја
- 70 контенјери со капацитет од 1,1 м$^3$ метални (поцинковани)
- 200 пластични канти (зелени) со капацитет од 120 литри
- 50 пластични канти (зелени) со капацитет од 240 литри

  Во 2025 година за поефикасно извршување на работните задачи предвидена е набавка на две специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет на надградба од 14 м$^3$ и едно со надградба од 16 м$^3$

  Инвестициониот план е со вкупен износ од 48.950.000,00 ден

3. Депонија Мегленци се предвидува да работи според план и програма за депонирање на комунален отпад и со продолжување на проектот на мониторинг на депонијата односно со комплетно евидентирање на отпадот што се депонира. Со

отворањето на Регионалната Депонија ќе започне процесот на затворање, ремедијација и грижа на депонијата Мегленци

Битола 27.12.2024

Изработил:

Мурговски Игор

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-134/5
31.12.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **24.12.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted]**’’**, по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-134** од **24.12.2024 година**, каде бара информација за напредокот на процесот во Општина Битола за воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] днесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-134 на ден 24.12.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација за напредокот на процесот во Општина Битола за воспоставување на заеднички интегриран систем за управување со отпад.

.Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-134/1 од 24.12.2024
2.Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-134/2 од 24.12.2024
3. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр.11-134/3 од 30.12.2024
4. Известување од ЈП Комуналец со бр.11-134/4 од 27.12.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 31.12.2024 година, под бр. 11-134/5.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**